# „Кој сака да биде велосипедист?"

Како би било кога навистина би можеле да поминеме 1 милион километри со велосипед? Предизвикувачки зарем не!? Со точен одговор на прашањата, верувајте дека навистина и ќе поминете толку многу километри :)

ВОВЕД

Учење за велосипедите на интересен и интерактивен начин.

**Методи и стратегии:**

- Визуелен метод на учење
- Интеракција

**Вид на активност:**

Со оваа активност учениците имаат за цел од понудените одговори да го одберат точниот, а со тоа го зголемуваат поминатиот број на километри и дојдат до крајната посакувана цел од поминати милион км со велосипед.

**Потребни материјали**

- Преносен компјутер
- Проектор
- Листови хартија
- Молив/пенкало

Индивидуална работа

Групна работа

30-35 мин.

## Како се спроведува активноста:

-Постојат два начини на спроведување на активноста: индивидуален и групен односно во тимови. Начините на спроведување можете да ги најдете во работниот дел од овој прирачник.
-Од својот преносен компјутер преку проектор, наставникот ја проектира играта.
-Прашањата ги чита наставникот, редоследно на глас.
-Со секое одговорено прашање, од десна страна се покажува по колку километри се поминува со велосипед.
-Ученикот/тимот кој погрешно ќе одговори на некое од прашањата не продолжува понатаму.

## РЕЗУЛТАТ

Совладување на основните информации за велосипедот.

Ве молиме пополнете ја следната табела со цел подобрување на активностите во иднина и споделете ги со нас вашите одговори на: veloschools.ecologic@gmail.com

| Што ми се допадна од оваа активност? | Што не ми се допадна од оваа активност? | Што би промениле? |
|---|---|---|
| | | |

## Дополнителни информации:

-Начините на спроведување на активноста, можете да ги најдете во работниот дел од овој прирачник под наслов: Кој сака да биде велосипедист?

-За секој поминат километар во играта, бројката на километрите можете да ја асоцирате со интересни факти, како на пример:

100 км=растојанието помеѓу Скопје и Неготино

200 км=растојанието помеѓу Скопје и Ниш

Најдолгата улица во светот е улицата „Yonge street" во Канада која е долга 1 896 километри

Познатиот Кинески Ѕид е долг околу 6 430 километри

Човековото тело содржи 96 000 километри на крвни садови

Дијаметарот на Земјата изнесува 12 756 километри

920 километри од површината на градот ЊуЈорк е крајбрежје

Растојанието помеѓу Земјата и Месечината изнесува 384 000 километри